**20080771407**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јуни 2008 година.

Бр. 07-2485/1
26 јуни 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**

Член 1

Во Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006 и 5/2007), во членот 91 став 2 по зборот "основа" се додаваат зборовите: "и да престане со одлука".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Одлука за статусни промени (припојување, спојување и поделба) на установите од ставот 2 на овој член Владата на Република Македонија донесува согласно со потребите на населението од здравствена заштита и условите по однос на просторот, опремата и кадрите утврдени со овој закон."

Член 2

Во членот 93 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Дозволата за работа на здравствената установа ќе се одземе за период од шест месеца и во случај ако се овозможи на здравствен работник да укажува здравствени услуги како дополнителна дејност спротивно на членот 115-а од овој закон."

Член 3

Во членот 95 став 1 точка 12 пред зборот "клиника" се додава зборот "универзитетска".

Член 4

Поднасловот пред членот 108 "12) Клиника" се менува и гласи: "12) Универзитетска клиника".

Член 5

Во членот 108 ставови 1 и 2 зборот "Клиниката" се заменува со зборовите: "Универзитетската клиника".

Во ставот 3 зборот "Клиниката" се заменува со зборовите: "Универзитетската клиника", а зборовите: "работници со VIII степен стручна подготовка" се заменуваат со зборовите: "доктори на науки".

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

"Универзитетската клиника може да врши дејност и ако наставниците од ставот 3 на овој член кои имаат засновано работен однос со скратено работно време во Медицинскиот, односно Стоматолошкиот факултет имаат засновано работен однос со скратено работно време до полното работно време и во универзитетската клиника, односно универзитетскиот клинички центар.

Условите според кои се врши поделбата на работното време и се постигнува полно работно време определено со закон се определуваат во спогодба за распределба на работното време којашто се склучува меѓу универзитетската клиника, односно универзитетскиот клинички центар и Медицинскиот, односно Стоматолошкиот факултет. "

Член 6

По членот 109 се додава нов член 109-а, кој гласи:

"Член 109-а

Универзитетската клиника, односно универзитетскиот клинички центар образовната и научно-истражувачката дејност ја врши на начин на кој се обезбедува функционална целина на здравствената, образовната и научно-истражувачката дејност и согласно со потребите на Медицинскиот, односно Стоматолошкиот факултет за спроведување на студиските програми.

Меѓусебните односи во вршењето на дејностите од ставот 1 на овој член универзитетската клиника, односно универзитетскиот клинички центар и Медицинскиот, односно Стоматолошкиот факултет ги уредуваат со договор. "

Член 7

Во членот 113 зборовите: "и видот и начинот на користење на работната и заштитна облека на здравствените и другите работници" се бришат.

Член 8

По членот 113 се додава нов член 113-а, кој гласи:

"Член 113-а

Видот и начинот на користење на работната облека на здравствените и другите работници во здравствените установи ја пропишува министерот за здравство. "

Член 9

По членот 114 се додава нов член 114-а, кој гласи:

"Член 114-а

Здравствените установи ја вршат здравствената дејност за која имаат дозвола за работа на начин кој го пропишува министерот за здравство. "

Член 10

Во членот 137 став 2 по зборот "науки" се додаваат зборовите: „или високо образование-дипломиран логопед, или високо образование-специјалист по медицинска биохемија".

Член 11

Во членот 153-ѕ став 2 точка 6-а зборовите: "во друга здравствена установа" се заменуваат со зборовите: "спротивно на членот 115-а од овој закон".

Член 12

Членот 153-л се менува и гласи:

"Трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците паѓаат на товар на подносителот на барањето.

Основни критериуми за утврдување на трошоците се реалните административни и материјални трошоци за спроведување на постапката за издавање, продолжување и обновување на лиценците.

Начинот на утврдување на трошоците од ставот 2 на овој член го пропишува Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора, со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност."

Член 13

По членот 155 се додава нов член 155-а, кој гласи:

"Член 155-а

Заради заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, заштита на интересите на својата професија, следење на односот на здравствените работници кон општеството и граѓаните, здравствените работници со средно, више и високо стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата се здружуваат во комора на здравствени работници со средно, више и високо стручно образование.

Комората од ставот 1 на овој член има својство на правно лице.

Комората од ставот 1 на овој член донесува статут, кодекс на професиционалните етички должности и права, формира суд на честа и други помошни тела, води евиденција на здравствените работници со средно, више и високо стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата и донесува деловник за начинот на работењето на Комората."

Член 14

Во насловот на Главата XIII по зборовите: "вонредни услови" се става запирка и се додаваат зборовите: "кризни состојби".

Член 15

Во членот 167 по зборот "услови" се додаваат зборовите: "и кризни состојби".

Член 16

Во членот 168 по зборот "услови" се додаваат зборовите: "и кризни состојби".

Член 17

Во членот 169 по зборот "услови" се додаваат зборовите: "и кризни состојби".

Член 18

Во членот 170 по зборот "услови" се додаваат зборовите: "и кризни состојби", зборовите: "цивилната заштита" се заменуваат со зборовите: "Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување", а зборот "општествени" се заменува со зборот "државни".

Член 19

Во членот 171 по зборот „услови" се додаваат зборовите: "и кризни состојби".

Член 20

Во членот 182 став 1 точка12-а зборовите: "кој не е вработен во здравствена установа" се бришат, а зборовите: "(член 115-а)" се заменуваат со зборовите: "спротивно на членот 115-а од овој закон".

Член 21

Во членот 200-к ставот 4 се менува и гласи:

"Под закуп не можат да се издаваат организациони единици во јавните здравствени установи што вршат:

1) итна медицинска помош и домашно лекување;

2) итна стоматолошка помош организирана за работа во трета смена со три стоматолошки тима (доктор на стоматологија и здравствен работник со средно, више или високо стручно образование во траење од три години од областа на медицината, односно стоматологијата), за повеќе од 70.000 население на подрачјето на јавната здравствена установа;

3) превентивна здравствена заштита за предучилишни и училишни деца организирана со по еден медицински тим (доктор на медицина и здравствен работник со средно, више или високо стручно образование во траење од три години од областа на медицината), на секои 2.000 предучилишни деца, односно 3.000 училишни деца до 18 годишна возраст на подрачјето на јавната здравствена установа, но најмногу еден медицински тим ако вкупниот број на деца е помал од 2.000;

4) поливалентна патронажа организирана со еден здравствен работник со средно, више или високо стручно образование во траење од три години од областа на медицината на секои 5.000 до 6.000 жители на подрачјето на јавната здравствена установа;

5) стоматолошка заштита на деца до 18 годишна возраст организирана со еден стоматалошки тим (специјалист по детска и превентивна стоматологија, односно доктор на стоматологија ако во јавната здравствена установа нема специјалист и здравствен работник со средно, више или високо стручно образование во траење од три години од областа на медицината, односно стоматологијата), за секои 3.000 деца на подрачјето на јавната здравствена установа и

6) медицина на труд организирана во служби кои обезбедуваат средства за работа од здравствените услуги кои работодавачите се должни да ги обезбедуваат за своите работници во согласност со прописите за заштита при работа, за повеќе од 10.000 вработени на подрачјето на јавната здравствена установа."

Член 22

Во членот 45 ставот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" број 10/2004) се менува и гласи:

"Здравствените работници со високо образование кои запишале студии од областа на медицината, односно стоматологијата до денот на влегувањето во сила на Законот за

изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита (" Службен весник на Република Македонија" број 10/2004) и стручниот испит ќе го положат најдоцна до 31 декември 2010 година, ќе се смета дека имаат лиценца за работа, а рокот на важноста на лиценцата за работа започнува да тече од денот на положувањето на стручниот испит."

Член 23

Основачките права над постојните јавни здравствени установи основани од Собранието на Република Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон ги презема Владата на Република Македонија од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Одлука за статусни промени (припојување, спојување и поделба) на установите од ставот 1 на овој член Владата на Република Македонија донесува согласно со потребите на населението од здравствена заштита и условите по однос на просторот, опремата и кадрите утврдени со овој закон.

Со денот на влегувањето во сила на одлуката на Владата на Република Македонија од ставот 2 на овој член престануваат да важат основачките акти на јавните здравствени установи основани од Собранието на Република Македонија.

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.